# THEMATIC ANALYSIS IN THE WORKS OF YUNUS EMRE

**Mahmut Celik, Ph.D**
Unıversity "Goce Delchev" - Stip, Republic of Macedonian mahmut.celik@ugd.edu.mk
**Ivana Koteva**
Unıversity "Goce Delchev" - Stip, Republic of Macedonia ivanakoteva@yahoo.com

**Abstract:** Yunus Emre (1238-1320) is one of the founders in lyric poetry and also one of the most important figure in Turkish literature. The love and tolerance is the first association of Yunus Emre. Neither his ideas or his poetry is no room for rigidity, hatred and hassle. Yunus Emre in his poetry especially highlights the importance of the human. As most significant poet of Mystical literature shows his desire and love for God and says that every person should find the way to connect to God. According to Yunus the obligations of every person is to love God and through love to become a perfect human. He sing for equality of people, tolerance, respect , his universal brotherhood transcend all international divisions and secreted. His poetry, humanity, philosophical , religious and animal thoughts of most reliable and most comprehensive way speak his lines, directly and easily accessible for both then uneducated , as well as today's modern, educated reader. In this is his popularity and he remains unsurpassed to this day Turkish poet.
**Keywords**: Yunus Emre, God, turkish poet, Divan.

# ТЕМАТСКА АНАЛИЗА ВО ДЕЛАТА НА ЈУНУС ЕМРЕ

**Проф. д-р Махмут Челик**
Универзитет„Гоце Делчев„ Штип, Р. Македонија mahmut.celik@ugd.edu.mk
**Ивана Котева, Постдипломес**
Универзитет„Гоце Делчев„ Штип, Р. Македонија ivanakoteva@yahoo.com

**Абстракт**: Јунус Емре (1238-1320)?, еден од основачите на љубовната поезија, претставува најеминентна фигура во целокупната Турска книжевност. Прва асоцијација на Јунус Емре е љубота и толеранцијата. Ниту во неговите идеи ниту во неговите поезии нема место за крутост, омраза и кавга. Јунус Емре во својата поезија посебно ја истакнува важноста на човекот. Овој најзначен поет на тасавуфската книжевност во своите поезии ја прикажува својата љубов кон Бога, односно вели дека секој човек треба да го пронајде патот кон него. Според Јунус, обврската на секој човек е да го сака Бог и со помош на љубовта да стане совршен човек. Пее и за рамноправноста на луѓето, за толеранцијата, почитувањето, неговото универзално братство ги надминува сите меѓународни поделби и секри. За неговата поезија, хуманизам, филозофските, религиските и животните размислувања на најверодостоен и најексплицитен начин говорат неговите стихови, директни и лесно достапни како за тогашниот необразуван, така и за денешниот, модерен, образуван читател. Во тоа се состои неговата популарност, а тој до денес останува ненадминлив турски поет.
**Клучни зборови:** Јунус Емре, турски поет, Бог, диван.

## 1.ВОВЕД

Една од најголемите придобивки на турската култура и на нејзината авантура низ историјата е Јунус Емре. Неговите зборови живеат во помнењето на народот, продолжуваат да живеат во пишани траги, ги прескокнале вековите, за да денес се сретнеме со еден голем поет и мислител.

Кој е, од каде е, каде се родил, каде умрел, сѐ се ова прашања на кои се обидуваме да одговориме за да го реконструираме неговиот златен еп. Но знаеме и тоа дека ,,што рекол‘‘, ,,каде се родил‘‘, ,,каде умрел‘‘, се нешта што се мираз низ вековите.

Љубовта е двигател во животот на Јунус Емре. Овој Туркмесноки маж од луѓето барал само едно, љубов, почит, добра волја. Овој мираз на љубовта што ни ја дарувал Јунус Емре, со стотици години нѐ допира. Денешните луѓе без разлика на тоа како мислат, во што веруваат, со кој јазик зборуваат, сигурно е дека ќе се спојат во љубовта кон Јунус Емре. Секој, во него ќе најде нешто според себе.

## 2. КОЈ Е ЈУНУС ЕМРЕ

Јунус Емре (1238-1320)?, еден од основачите на љубовната поезија, претставува најеминентна фигура во целокупната Турска книжевност. Животот на овој мистик е предмет на бројни расправи. Некои извори покажуваат на тоа дека живеел во периодот од 1238 до 1320 година. Роден во Сариќој во близина на Сиврихисар во Анадолија, во времето на распадот на Селџучката и создавањето на Османлиската држава со чести монголски инвазии. Тоа бил период кога духовноста на луѓето и била повеќе од потребна за воздигнување на душата и вољата за живот над материјалното.

Јунус Емре бил селанец кој што целата своја младост ја поминал во сиромаштија. Поради длабоко патење често се осеќал како странец во своја кожа. Уште од тогаш се чувствувал неговиот хуманизам и потреба за братска љубов.

Јунус Емре бил човек од народот, поради тоа и неговиот начин на изразување бил многу едноставен. Сè што творел му било упатено на обичниот и сиромашен народ со кого се среќавал на бројните патувања. За неговата поезија, хуманизам, филозофските, религиските и животните размислувања на најверодостоен и најексплицитен начин говорат неговите стихови, директни и лесно достапни како за тогашниот необразуван, така и за денешниот, модерен, образуван читател. Во тоа се состои неговата популарност, а тој до денес останува ненадминлив турски поет.

Хуманистичката компонента на неговите дела го довела во врска со некои великани на западната книжевност. Интересен е фактот дека Јунус Емре починал истата година како и големиот италијански поет и хуманист Данте Алигиери. Меѓутоа тоа не е единственото нешто што ги поврзува овие два поети. Познато е дека Данте се залагал за употребата на Италијанскиот наместо Латинскиот јазик, додека пак Јунус Емре се залагал за употреба на чист народен Турски јазик наместо Арапскиот и Персискиот јазик. Некои турски книжевници го нарекувале турски Сервантес, други пак го споредувале со Ататурк и тн. но едно е сигурно, дека Јунус Емре успеал да створи нов, само за него својствен поестски израз.

Пишувајќи анадолиско турски песни тој ја достигнал колуминацијата во турската традиција. Никој, подоцна, не успеал да ја надмине таа точка на колуминација иако многу негови наследници и претставници на суфизмот продолжиле да пишуваат по неговиот пример. Додека поголем број од неговите современици и наследници, кои биле заљубени во арапскиот и персискиот јазик, ги користиле нормите, обликот и лексиката на овие јазици, Јунус Емре, побегнал кон домашните форми, употребувајќи едноставна метрика и изразувајќи ги своите чувства и мудрости на јазикот на обичниот анадолиски човек.

## 3. ДЕЛАТА НА ЈУНУС ЕМРЕ

Тасавуфската книжевност своето највисоко ниво на развиеност го уживала токму со творештвото на Јунус Емре. Неговите многубројни песни поезија се собрани во неколку книги. Најпознати негови збирки поезија се: Диван (Divan), (Risalet - ün Nushiyye) (Divan - İlâhiyatı).

Напишано во времето кога турскиот јазик преминува на ниво на литературен јазик во Анадолија, **Divan** е неговото најголемо дело. Љубовта кон Бога изразена со многу восхит и богат лиризам која што ја рефлектираат неговите песни поезија се сместени во ова негово дело. За жал не сме сопственици на оригиналниот примерок од ова дело а еден од најстарите примероци се наоѓа во библиотеката Сулејмание.

Со вкупно 573 беити, во калапот на арузната метрика **Risalet - ün Nushiyye** е второто поголемо дело на Јунус Емре. Нпишано во 13.век (1307- 1308) претставува прво дело во Турската книжевност во кое што се прикажани неговите мистички погледи кон светот, начинот на верување, неговиот поглед кон светот и суштината на животот. По почетниот дел кој го сочинуваат 13 беити се наоѓа кратка проза во која Јунус го опишува создавањето на човекот. Според него човекот е составен од: вода, оган воздух, земја и душа, притоа велејќи дека по смртта четирите елементи повторно се враќаат во својата првобитна положба а душата е бесмртна. Во понатамошниот дел значајно место им е отстапено на еповите кои го рефлектираат духот, задоволството, трпението, паметот...

**Divan - İlâhiyatı** е дело кое ги содржи илахиите на Јунус Емре. Во него свое место завземаат околу 200 - 300 илахии напишани во слоговна и арузна метрика.

Овој најзначен поет на тасавуфската книжевност во своите поезии ја прикажува својата љубов кон Бога, односно вели дека секој човек треба да го пронајде патот кон него. Според Јунус, обврската на секој човек е да го сака Бог и со помош на љубовта да стане совршен човек:

*„ Јас сум роден со љубов.“*

...

*„Пред да дојде мојата душа на овој свет,*
*Јас сум го сакал Бог...“*

Тоа духовно патување бара самопознавање. Јунус вели: *„Вистинското знаење е да се знаеш самиот себе“*. *Да се сознаеш самиот себе* - тоа значи да се созне Бог. Во своите песни тој вели:

*„ Каква е таа вера без љубов?“*
...
*„Оние кои умеат да сакат, не копнеат за рајот;*
*Тие копнеат само за Бога.“*

Доста често во неговите песни се среќава и рамноправноста на луѓето:

*„Сите луѓе гледај ги како едно;*
*И омаловажениот гледај го како херој! “*

Неговото универзално братство ги надминува сите меѓународни поделби и секри. Тоа го забележуваме во следните негови стихови:

*„ За оние кои вистински го сакаат Бог и неговите патишта;*
*Сите луѓе на светот се браќа и сестри.“*

***ДОЈДИ ДА ВИДИШ ЉУБОВТА ШТО МИ НАПРАВИ***

*Одам, сиот изгорен, пепелосан*
*љубовта ја обои мојата крв*
*ниту сум нормален, ниту пак луд*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

*Како силни ветришта што вијат*
*како прашина на патот*
*како силна бура и поплава*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

*Течам како река што беснее низ брзаците*
*срцево ми се крши на карпестиот брег*
*мојот господар е далеку, а јас, засрамен*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

*Или фати ми ја раката и земи ме*
*или упати ме кон твоето царство*
*насмевни ме после реката од пролеани солзи*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

*Лутам ко Меџнун, избудален од љубов*
*ги гледам саканите ко прав во ветрот*
*се будам и паѓам во мрак*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

*Беспомошен сум мистик Јунус*
*од глава до пети ранет*
*осамен патник во пријателското царство*
*дојди да видиш љубовта што ми направи*

## 4. ЈУНУС ЕМРЕ И ЧОВЕКОТ

Јунус Емре е многуслоен поет со мајсторски стих, во срцето исполнето со љубов, добродушен, миролјубив, заслужен, напреден. Му се восхитуваме на љубовта што ја има кон луѓето, му се восхитуваме за

доброчудноста, за чувството за правдата и за угнетените.Во своите песни тој и се спротивставува на религијата која стравот го зема за свое оружје:

*Дојдете да се запознаеме*
*Да ја олесниме работата*
*Да сакаме, да се сакаме.*

Јунус во Бога гледа човек и во човек го гледа Бог. Бог и човек се единство, а за тоа да се знае, човекот треба да се возвишува.

Според Јунус , Бог живее во срцето на сиромашните:

*Не си султан не си нити бег,*
*Ниту си од сарај ниту си од трон*
*Ти влезе во душата на сиромашниот*
*Господару мој.*

Овој поет се спротивставува на сите кодекси што ги поставиле луѓето, изразувајќи го тоа преку своите стихови:

*Ако си повредил нечија душа*
*Не само што ова твое клањање*
*Нема да те спаси,*
*И седудесет и два народи*
*Не можат да те измијат твоите гревови.*

Преку своите стихови ги објаснува недостатоците на законите:

*,, Тој што седумдесет и двата народи не ги гледа со исти очи, и да е човек од законот, насилник е.‘‘*
*„ Да сакаме, да се сакаме, овој свет на никого нема да остане.“*

## 5. ЗАКЛУЧОК

Да не постоеја бројните стихови на Јунус Емре, сочувани и покрај неизвесните времиња во кои што живеел, сѐ што би знаеле за него би биле легендите.

Роден во немирни времиња, Јунус ја вршел својата поетска мисија. Споредлив со големите метафизички поет, или со оние конечни осаменици на барокот, распнат меѓу две крајни состојби на универзумот - Мистиката и Еросот: две метафори кои што се доминантни во сите импресии за неговата поезија - Јунус Емре направил врвен подвиг! Успеал да ја сочува поезијата на неговата родна Турција, од служењето со персискиот јазик и низ своите совршени стихови да ја оствари онаа вечна и многу загадочна ,,сложена едноставност‘‘, благодарејќи на која што ги надживеа столетијата, а притоа останал разбирлив за обичните овчари, неписмените, исто толку колку што бил разбирлив за учените толкувачи и љубители.

Во негова чест 1991 година од страната на унеско е објавена како ,,Година на љубовта на Јунус Емре‘‘. Секако дека УНЕСКО тоа не го има направено случајно. Сигурно дека на светот во тој миг му требаше силниот глас на овој поет, неговата опомена и повикот на љубовта со најискрени изрази.

Да се знае за Јунус Емре денес, значи да се познава самата суштина на Анадолија како и самиот турски јазик во сето негово богатство и убавина.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Demirci, Mehmer "Yunus Emre'de İlahî Aşk ve İnsan Sevgisi" Kubbealtı Neşriyat yay. İstanbul 1997.
[2] Banarlı, Nihat Sâmi " Resimli Türk Edebiyatı Tarihi" c.1, MEB yay. İstanbul 1987.
[3] Bilgin, Azmi, "Yunus Emre" Şule yay. İstanbul 2005
[4] Türkmen, Fikret "Ynuns Emre'nin Türk ve Dünya Edebiyatındaki Yeri" Uluslararası Yunus Emre Sempozyunu Bildirileri, 7-10 Ekim 1991, Ankara
[5] Özbay, Hüseyin; Tatıcı, Mustafa "Yunus Emre İle İlgili Makalelerden Seçmeler" Kültür Bakanlığı Yayınları, Ankara, 1991.
[6] Tatıcı, Mustafa "Yunus Emre Bibliyografyası" Millî Kütüphane Yayınları, Ankara, 1988.